| Арх. знак ________ |
|---|
| Рок на чување ________ |
| ________ 20 ___ год. |
| Потпис |

**(иматeл на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животната средина и климатски промени?
- За која цел се наменети тие средства?
- Дали општината планира изградба на депонија за справување со отпадот на ниво на општината?
- Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради?
- Како во моментов општината управува со отпадот (собирни центри, депонии и сл.)
- Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето
- Дали Општината има регистар за загадувачи на воздух
- Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 11-1495/3
Датум: 16.03.2023

**ОД**
**Сектор за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина**

**ДО**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**-ТУКА-**

**Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

Во прилог Ви ги доставуваме информациите на барањето за пристап на информации од јавен карактер:

Во Програмата Р за заштита на животна средина и природата на Општина Центар-Скопје за 2023 година планиран е Буџет од 6.800.000,00 денари кој се состои од:

Оперативни расходи – 4.000.000,00 денари

- Проект за селекција на отпад, храна, кампања и практична селекција на хартија, пластика, електричен и електронски отпад и др.
- Организирање настани и манифестации по повод одбележувањето на еколошките празници со основните училишта (Ден на пролетта, Ден на планетата Земја, Светски ден на екологијата, Европска недела на мобилност),
- Спроведување на анкета за собирање информации за типовите горива што се користат за загревање на објектите за донување и нивна потрошувачка,
- Програма за енергетска ефикасност на Општина Центар- Скопје за период 2023-2026 година
- Расчистување на диви депонии, депонии од шут и чистење канали,

Ситен инвентар – 300.000,00 денари

- Поставување филтри за прозорците на градинките –матичен објект ЈУОДГ Р.Ј.Корлагин и ЈУОДГ 13-ти Ноември- објект Беко, на територија на општина Центар-Скопје,
- Набавка на мерни сензори за бучава, мобилни уреди и мапирање на бучава,

Други трансфери – 2.500.000,00 денари

- Субвенционирање на велосипеди Проект „Цел Центар на точак" и субвенции за Е-велосипеди и Е-тротинети ,( вклучување на жени и ранливим категории граѓани што ќе имаат приоритет да добијат субвенции,)

- Субвенционирање поправка на велосипеди и резервна и дополнителна опрема за велосипеди, во рамки на Проект „Цел Центар на точак",( вклучување на жени и ранливим категории граѓани што ќе имаат приоритет да добијат субвенции,)
- Меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување и собирање на бездомни кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку се најдат на јавни површини на подрачјето на Град Скопје
- Изработка на зелен катастар (меѓуопштинска соработка со Град Скопје).

Општина Центар – Скопје, како и сите десет општини во град Скопје, управувањето со отпад го врши преку ЈКП Комунална Хигиена, и истиот го одлагаат во депонија Дрисла. Општина Центар – Скопје на својата територија има поставено вендинг машини за селектирање на PET пластични шишиња и лименки, за жителите од општината. Општина Центар – Скопје има ангажирано работници за одржување на јавната чистота на јавните површини, одржување на зеленилото на јавните површини и парковите на Општина Центар – Скопје, одржување на локалните улици патишта, јавни пешачки површини и тротоари. Во соработка со Скопскиот Плански Регион се планира да се формира собирен центар, заедно со други општини од град Скопје.

Согласно Законот за квалитет на амбиентниот воздух, член 64 Средства од буџетите на единиците на локалната самоуправа, точка (1) Во буџетот на општините и градот Скопје се обезбедуваат средства за заштита и унапредување на квалитетот на амбиентниот воздух, како и други извори на средства утврдени со закон, **но не и во општините во градот Скопје.**

Согласно Законот за квалитет на амбиентниот воздух, член 52 Катастар на загадувачи на воздухот, точка (2) Катастарот го води и одржува надлежен орган за вршење на стручни работи во областа на животната средина.

Согласно Законот за животна средина, општина Центар – Скопје спроведува постапката за оцена на влијанието врз животната средина, при што правните субјекти се должни да изготват **елаборат за заштита на животната средина** со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот.

Се со цел на подобрување на условите за користење на алтернативни превозни средства и намалување на аерозагадувањето и се поголемата популарност на користење на електрични велосипеди и електрични тротинети Општина Центар-Скопје субвенцира велосипеди, Е-велосипеди и Е-тротинети.

Со поставување на филтри за прозорците на градинките, општина Центар- Скопје, имаза цел да ги избегне, спречи и намали штетните ефекти од загадувањето на амбиенталниот воздух врз човековото здравје, поконкретно учениците и дечињата од претшколските установи.

ул. Михаил Цоков б.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Филтрите ги содржат следните карактеристики:

- Примарно ниво на заштита од ПМ честички:
  - ПМ 10 - 100% непропустливост
  - ПМ 5 минимум 94% непропустливост
  - ПМ 2.5 минимум 89% непропустливост
- Секундарно ниво на УВ заштита
  - UV – R – мин. 67%
  - UV – A – мин. 67%
  - UV – B – мин. 69%
- Останати секундарни видови на заштита:
  - Магла
  - Смог
  - Полен и др. алергени
  - Инсекти

Со почит,

Изработил:
Цена Виданоска

Проверил и одобрил:
Помошник Раководител на Сектор
за уредување на градежно земјиште,
комунални работи и заштита на
животната средина

Дарко Пандевски

ул. Михаил Цоков б.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk